Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional - OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-2856/1
30.08. 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/3 од 27.08.2020 година, 01-1685/4 од 14.09.2020, 01-1685/5 од 20.11.2020, 01-545/1 од 22.02.2021, 01-545/3 од 22.07.2021, 01-100/1 од 17.01.2022 и 01-100/2 од 01.04.2022 година.

Член 2

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А-уметници, ниво А4, во точка 2, корепетитор во опера, се зголемува бројот на извршители од 3 на „4".

Член 3

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А-уметници, ниво А5, во точка 12, прва виолина тути, се намалува бројот на извршители од 12 на „11".

Член 4

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Б-уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко-сценски дела, ниво Б1, се зголемува бројот на работни места од 2 на „3" и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 3. | Костимограф | 1 | 0 |

Член 5

Во членот 6 став (2), категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, во Ниво Г2, се намалува бројот на работни места од 14 на „13", и се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Друг стручен соработник во културата - за инвестиции и развој | 1 | 0 |

Член 6

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 26. Програмски раководител, шифра КУЛ0304Г01002, со број на извршители 1, станува работно место со реден број 23.б во делот II Стручни служби, точка 1. Самостојно одделение за поддршка на директорот – дирекција.

Член 7

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 30, шифра на работно место КУЛ0304А05012, назив на работно место асистент хор мајстор, алинеја втора од делот работни задачи, која гласи „ги подготвува претставите на кои диригира“, се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| Работни задачи | - му асистира на хор мајсторот. |

Член 8

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 32. Корепетитор во опера, шифра КУЛ0304А04020, во делот број на извршители бројот 3 се менува и гласи „4“.

Член 9

Во табеларниот приказ на работни места, работно место под реден број 82. Прва виолина тути, шифра КУЛ0304А05007, во делот број на извршители бројот 12 се менува и гласи „11“.

Член 10

Во табеларниот приказ на работни места, реден број 103, работно место со шифра КУЛ0401Б01002, звање билетопродавач, делот вид на образование се менува и гласи: средно гимназиско или средно стручно образование.

Член 11

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место под реден број 107. шифра на работно место КУЛ0304Г01003, друг раководител-раководител на сценска техника, се додава работно место со реден број 107.а. кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 107.а. КУЛ0304Б01003 |
| Звање на работно место | Костимограф |
| Назив на работно место | Костимограф |
| Ниво | Б1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Високо образование - текстилна технологија |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно, квалитетно да го подржи спроведувањето на работите на установата во врска со подготовките и реализацијата на проектите, во делот на изработка на костимографија |
| Работни задачи | -Донесува авторски идејни костимографски решенија најмалку за еден оперски или балетски премиерен проект, односно два проекти доколку се работи за проект од помал карактер—проект на мала сцена или алтернативна сцена,<br>-Идејните решенија ги преточува во костимографски скици кои ги одобрува режисерот/кореграфот на проектот, а во корелација со уметничките раководители на опера/балет,<br>-Изработува работни скици, технички скици со точно избрани материјали,<br>-Изработува предлог пресметка за финансиски сретства потребни за реализација на костимографијата на проектот, материјалите ги избира сам и ги требува во службите,<br>-Во соработка со надлежните служби се грижи за навремено набавување на потребните материјали кои ги избрал костимографот, |

| | |
|---|---|
| | -Врз основа на концептот на претставата се грижи за реализацијата на костимите, согласно скиците и учествува во организирањето на работата во работилниците за проектот во кои е назначен како костимограф,<br>- костимографските скици и работните скици со сите текстилни материјали ги предава на асистентот на костимографија како и на кројачите, чевларите, шминкерите, шапкарите,<br>-Се грижи ефикасно, ефективно и економично да го спроведе процесот на реализација на костимографијата,<br>- Одлучува и дава идејни решенија за костимирање на настани од друг сценско визуелен карактер како гала оперски вечери, гала балетски вечери каде е потребно избор на костими од постоечкиот магацин. |
| Одговара пред | Раководител на сценска техника |

Член 12

Во табеларниот приказ на работни места, во сектор Сценска техника, се брише точка 1. оддел за инвестиции и развој и работно место под реден број 114 Шифра КУЛ0304Г02010 и звање друг стручен соработник во културата, број на извршители 1.

Член 13

Во табеларниот приказ на работни места, реден број 142.а, работно место со шифра КУЛ0405А01009, звање друг работник за сценско визуелни ефекти, назив одговорен работник за одржување и боење на костими, делот вид на образование се менува и гласи: средно гимназиско или средно стручно образование.

Член 14

Согласно извршените промени во интегралниот текст на законот се прави промена и во табеларниот преглед на работни места.

Член 15

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор и Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
м-р Васо Ристов